Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Бр.Nr 02-51/15
16.01. 2023
Скопје/Shkup

Врз основа на член 9 алинеја 7 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), Судскиот буџетски совет на ден 16.01.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
# ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ ДА ВРШИ ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА ОПРЕДЕЛЕНИ ВО ДЕЛОТ „СУДСКА ВЛАСТ“ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Судскиот буџетски совет го овластува Претседателот на Судскиот буџетски совет да врши пренамена на средства определени во делот „Судска власт“ за 2023 година.

Член 2

Ова овластување се дава да се обезбеди поголема реализација на средствата од Судскиот буџет.

Член 3

Максималниот износ на средства чија пренамена се врши се утврдува на следниот начин :

а) категорија 40

- пренамена помеѓу ставките од категорија 40 за да се обезбедат доволно средства за исплата на плати и надоместоци од платиза вработените во судската власт во тековната година;

-пренамена на износот што е над проектираниот износ за исплата на платите на вработените во судската власт во тековната година;

б) категорија 42 - максималниот износ на средства чија пренамена се врши не смее да надмине поединечен износ од 3.000.000 денари;

в) категорија 46 - максималниот износ на средства чија пренамена се врши не смее да надмине поединечен износ од 3.000.000 денари;

в) категорија 48 –максималниот износ на средства чија пренамена се врши не смее да надмине поединечен износ од 3.000.000 денари;

- максималниот износ на средства чија пренамена се врши на барање на единките корисници на судска власт не смее да надмине поединечен износод 500.000 денари без ДДВ.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**